Иван К. Заров

27-526.62-523(497.771)

ПОРТРЕТИТЕ ВО МЕДАЛЈОНИ НА СТАРОЗАВЕТНИТЕ ПРВОСВЕШТЕНИЦИ ВО СВ. БОГОРОДИЦА ПЕРИВЛЕПТА ВО ОХРИД

На проф. Елка Бакалова
Virtus vera nobilitas

Студијата е посветена на иконографијата на првосвештениците во манастирската црква Св. Богородица Перивлепта во Охрид, уточнување и идентификација на некои од ликовите во медаљони како и нивната теолошка елаборација во контекст на иконографска концепција во апсидалната конха, без детална компаративна анализа со останатите споменици кои хронолошки се блиски на Св. Богородица Перивлепта.

Следејќи ја логичната топографска херменевтика како и контекстуалното и симболично значење што архитектурата го имала во византиската црковна декорација за да се подвлече определена теолошка порака, уште кон крајот на XIII век и почетокот на XIV век палеологовската иконографска формула постепено ќе го дефинира местото на *Предците на Христос,* подвлекувајќи ја со тоа неговата историска улога на земјата. На триумфалниот лак (архиволтата) околу апсидата на Св. Богородица Перивлепта во Охрид, насликани се дваесет и девет ликови во медаљони, во кои фонот наизменично се повторува со жолта и црвена боја.[1]

Теолошката формулација во Перивлепта како и изборот на фигурите во низата имаат една посуптилна и поконзервативна улога во споредба со останатите споменици од истиот период. Изборот на предците, во зависност од теолошката симболика, примал различни значења и специфични конотации кои го афектуирале и осмислувале целокупниот сликарски ансамбл.[2] Византиската книжевност им посветувала особено внимание на Христовите предци.

---

[1] П. Миљковиќ-Пепек, *Делото на зографите Михаило и Еутихиј* (Скопје, 1967), 48.

[2] За претставите на старозаветните првосвештеници во византиското ѕидно сликарство од крајот на XIII век со осврт на Перивлепта види: Д. Војводиќ, *О ликовима старозаветних првосвештеника у византијском зидном сликарству с краја XIII века*, Зборник радова Византолошког института 37 (1998), 121–153. Во оваа синтетичка студија Војводиќ дава извонредна теолошка елаборација и иконографска анализа на редица споменици од овој период, меѓу кои истакнато место и е посветено на Св. Богородица Перивлепта. За апсидалната програма на Св. Богородица Перивлепта исто: S. Dufrenne, *L'enrichissement*

Уште Јосиф Химнограф [3] во IX век и посветил на оваа тема свои стихови, а подоцна и Христофор од Митилена во XI век, во својот метрички напишан календар за црковната година (Συναξάριον δίστιχον ἰαμβικόν) за 16 декември ги слави Христовите предци, а веќе во XIII век ќе бидат инкорпорирани во Минејот за декември.[4]

Тој се менувал во зависност од конотираноста, односно алузијата која со таа слика требало да се подвлече, односно од текстуалната предлошка која за таа цел била избрана да се слика, независно дали станува збор за евангелски (Матеј, 1: 1-16, или Лука, 3:23-37) старозаветни (особено Битие) или литургиски текстови (Минејот за декември во кој две седмици пред Божик се слават Христовите предци), што е и случај во Св. Богородица Перивлепта. Гордана Бабиќ, анализирајќи го изборот на ликови во медаљоните на челната страна на арката која ја маркира апсидалната конха во Перивлепта, ја подвлекува алузијата за тајнството на оплотувањето и историската улога на Христос.[5] Ако внимателно се анализира изборот на личностите кои ја украсуваат целата арка, се забележува дека тие во Перивлепта алудираат на неговата улога на првосвештеник (Арон, Мелхиседек, Захариј, Самуил, Финеес) и цар (Мојсеј, Ор, Исус Навин).

Миљковиќ-Пепек наведува дека изборот и структурираноста на медаљоните во триумфалниот лак на Перивлепта ја следи комнинската иконографска традиција од XII век, особено подвлекувајќи ја декорацијата на триумфалната арка во Монреале, како и Св. Катерина на Синај.[6]

Тој, повикувајќи се на Лазарев, ќе ја истакне мислата дека медаљоните во арката се во тесна иконографска корелација со претставата на Богородица во конхата на апсидата. Според него, медаљонот со претставата на Христос-Емануел на врвот на арката е замена за вообичаената негова претстава на градите на Богородица, а медаљоните на двата архангела се замена за нивното отсуство покрај Богородица во конхата.[7] Мислата за Христовото првосвештенство и царување е основната нишка која сликарите на Перивлепта како и нивните теолошки советници сакале да ја подвлечат. Нема сомнение дека низата со

---

*du programme iconographique dans les églises byzantines du XIII*ème *siècle,* in: L'art byzantin du XIII[e] siècle (Београд, 1967), 40–41.

[3] Каноните на Јосиф Химнограф во PG 105, col. 1260 D.

[4] G. Millet, *La dalmatique du Vatican* (Paris, 1945), 83.

[5] Г. Бабиќ, *Краљева црква у Студеници* (Београд, 1987), 86. Бабиќ смета дека изборот на предците во Перивлепта ја нема онаа суптилна слоевитост во однос на останатите цркви како Студеница или Хора во Цариград, каде преку изборот на предците е подвлечена една попродлабочена мисла која освен на оплотувањето алудира и на Христовата улога на цар и свештеник.

[6] Миљковиќ-Пепек, *Делото на зографите Михаило и Еутихиј,* 69.

[7] Ibid.

старозаветни архиереи во Перивлепта идејно кореспондира како со композицијата на *причестувањето* во средишната зона така и со ликот на Богородица насликан под медаљонот на Христос Емануел, замислен како симбол на новото и вечно првосвештенство.[8]

Во низата медаљони се вклучени и старозаветните првосвештеници Мојсеј, Арон, Самуил, Захариј и Мелхиседек, кои макар и да не спаѓаат во Христовата генеологија се слават како негови предци во неделата пред раѓањето Христово.[9]

Симболично, низата започнува на врвот на арката каде е претставен Христос Емануел во жолт медаљон, точно во оската над претставата на Богородица во калотата на апсидата. Од двете страни е опкружен со претстави на два ангела во медаљони со црвен фон, кои ги задржува општите типолошки карактеристики, а по нив следат претстави на 14 старозаветни пророци и праведници.

Првата претстава е на пророкот Арон, во медаљон со жолт фон чија сигнатура е зачувана Ο ΠΡΟΦΗΤΗΣ ΑΑΡΩΝ. Неговиот лик е маркантен. Тој е старец со долга седа коса која му паѓа на рамењата и долга брада. Околу белата наметка има златна бордура украсена со бисери. Носи црвена круна на рабовите украсена со бисери и идентичнна орнаментика како и бордурата околу рамењата.

Следниот медаљон го претставува пророкот Ор.[10] Ор е сигниран Ο ΠΡΟΦΗΤΗΣ ΩΡ во медаљон со црвен фон. Старец со долга кадрава седа коса и

---

[8] Д. Војводиќ, *О ликовима старозаветних првосвештеника у византијском зидном сликарству,* 136.

[9] P. A. Underwood, *The Kariye Djami* 1 (New York, 1966), 54–56; Cf. С. Габелиќ, *Манастир Лесново. Историја и сликарство* (Београд, 1998), 64. Во Перивлепта таквата алузија на Христовите предци кои го антиципираат и предвестуваат неговото доаѓање е олицетворена со изборот на најважните старозаветни ликови чии портрети ги персонифицираат духовните и светските христијански институции. Во ерминијата на Дионисиј од Фурна, Διονισίου τοῦ ἐκ Φουρνᾶ, *Ἑρμηνείας τῆς ζογραφικῆς τέχνης,* ed. A. Παπαδοπουλος-Κεραμευς (Петроупόλις, 1909) понатаму во текстот Denys de Fourna, *Manuel,* 75–76 се наведуваат како останати претци надвор од генеалогијата. Ετεροι προπάτορες ἔξω ἀπὸ τὴν γενεαλογίαν, (како претци не се наведени Захариј, Финеес, заб. Ив. Заров)

[10] Миљковиќ-Пепек, *Делото на зографите Михаило и Еутихиј,* 48. Оваа личност Миљковиќ-Пепек не можел да ја идентификува макар што сигнатурата е добро сочувана Ωρ. Тој правилно ќе истакне дека е зачувана почетната буква Ω.. Оваа старозаветна личност ја спомнува дури и ерминијата на Дионисиј од Фурна, Denys de Fourna, *Manuel,* 76 и тоа веднаш зад пророкот Арон. Погрешно како Οσηας го протолкувал и Д. Ќорнаков, *По конзерваторските работи во црквата Св. Богородица Перивлептос (Св. Климент) во Охрид,* Културно наследство 2, (Скопје, 1961), 77. Точно го идентификува Д. Војводиќ, *О ликовима старозаветних првосвештеника у византијском зидном сликарству*, 124, фус. 15.

брада облечен идентично како и Арон носи темносина круна со бордура украсена со бисери. Ор бил еден од главните помошници на Мојсеј за време на бегството на Евреите од Египет. За време на битката со Амеликитците, Ор ја потпирал дигната едната рака на Мојсеј, а другата ја потпирал Арон, Мојсиевиот брат, бидејќи од тоа зависела победата. (Изход 17:8-13)[11].

Според егзегетите од VI век Северијан од Габала и Тимотеј Антиохиски, гестот со кој Мојсеј ги шири рацете е симболична префигурација на крстот кого го поддржува благородништвото олицетворено во Ор и свештенството олицетворено во Арон.[12] Под него се наоѓа медаљонот на Мелхиседек. (Ο ΔΙΚ(αι)ΟΣ ΜΕΛΧΙΣΕΔΕΚ).

Мелхиседек, како што беше истакнато, спаѓа во групата на првосвештениците и макар што не е Христов предок, тој е сметан за εἰκών или τύπος на Христос, односно архетип на неговото свештенство.[13] Облечен е во бела наметка и носи карактеристична свештеничка капа. Неговото име на еврејски значи цар на правдата. Мелхиседековата енигматична личност, кралот на Салем, од христијанските егзегети е интерпретирана како „свештеник на највишиот наш Бог.“[14]

Бистата на Финеес е одлично сочувана како и неговата сигнатура (Ο ΔΙΚ(αι)ΟΣ ΦΙΝΕΕΣ. Тој е младич со долга кадрава кафеава коса која му паѓа на рамењата, носи отворена круна украсена со бисери и скапоцени камења. Неговиот избор не е случаен во низата. Неговото присуство исто така е алузија на Христовото свештенство, ако се има предвид дека Финеес е внук на Арон од син му Елеазар (Броеви, 25). Уште во младоста добил завет на „вечно свештенство“. Финеес вршел пониски свештенички функции, што го навело

---

[11] П. Калвокореси, *Кой кой е в Библията и изображението му в изкуството* (Пловдив, 1995), 212.

[12] Severian, *De serpente*, PG 56, col. 504; Timothy of Antioch, *In crucem et in transfigurationem,* PG 86, col. 257.

[13] Христијанската теолошка мисла го споредува Мелхиседек со Христос и дури во Псалмот 109:4 се наведува дека идниот Месија ќе биде свештеник од редот на Мелхиседек. Во посланието до Евреите 7 уште поексплицитно Мелхиседековото свештенството го навестува новото на Христос, кое е вечно и го надминува она на Арон. Раните теолози св. Кипријан, Ориген, св. Епифаниј, св. Амброзиј дури и чинот кога Мелхиседек му нуди леб и вино на Аврам го сметаат за тесфанија, префигурација на светата Евхаристија. Cf. Underwood, *The Kariye Djami* 1, 241.

[14] S. Der Nersessian, *Program and Iconography of Paracclesion,* in: Kariye Djami, vol. IV (Princeton, 1975), 332.

Војводиќ да претпостави дека од тие причини во медаљонот во Перивлепта не е прикажан во првосвештеничка облека. [15]

Следниот праведник е Ное (Ο ΔΙΚ(αι)ΕΟΣ ΝΩΕ старец со долга седа коса и брада.[16]

По него следува портретот на Енох во црвен медаљон (Ο ΔΙΚ(αι)ΕΟΣ ΕΝΩΧ. Тој е средовечен човек со кафеаво седа кадрава коса и разбушавена брада. Тој е еден од Христовите претци. Под него е медаљонот со претставата на прекрасниот Јосиф, чија биста е врамена во медаљон со жолт фон. Натписот е целосно зачуван Ο ΔΙΚ(αιος) ΙΩΣΗΦ Ο ΠΑΓΚΑΛΟΣ-sic! (Παγγαλος) Јосиф е млад човек со кратка кафеава брада и долга коса, носи затворена златна круна опточена со бисери и скапоцени камења. Околу вратот исто така има ѓердан украсен со бисери. Всушност, со него и започнува листата на предците на Христос. Во ерминијата на Дионисиј од Фурна тие се спомнати под општиот назив „дванаесет синови на Јаков"[17], каде се нивното присуство ја антиципира новозаветната појава на Христос кога тој како вестител на Новиот Израел „ќе царува над домот Јаковов вовеки и на царството негово ќе нема крај" (Лука 1: 32-33).

Под него е медаљонот на Венијамин Ο ΔΙΚ(αιος) ΒΕΝΙΑΜΗΝ еден од синовите на Јаков.[18] Венијамин е претставен со физиономија на средовечен човек, со изнијансирана долга сивокафеава брада и коса. Се гледаат контурите на кафеав хитон околу него. Во низата на фигури следува Рувим најстариот Јаковов син (Ο ΔΙΚ(αιος) Ρ(ου)ΒΗΜ.[19] Рувим има физиономија на средовечен човек. Следуваат медаљоните на Симеон Ο ΔΙΚ(αιος) ΣΥΜΕΩΝ во црвен медаљон, а потоа на праведниот Леви Ο ΔΙΚ(αιος) ΛΕΥΙ во жолт медаљон, старец со кадрава кафеава коса, праведниот Асир Ο ΔΙΚ(αιος) ΑΣΗΡ со кафеава коса и отворена брада и последниот праведник Дан Ο ΔΙΚ(αιος) ΔΑΝ кој е претставен

---

[15] Војводиќ, *О ликовима старозаветних првосвештеника у византијском зидном сликарству*, 134, заб. 58.

[16] Ное е често прикажуван во репертоарот на палеологовските цркви насекаде низ Балканот и во Византија, каде иконографскиот јазик и современите теолошки сфаќања ќе му придадат и посуптилни алузии кои го поврзуваат и со Богородица, каде е претставен и со својот атрибут арката - прастариот симбол на спасението.

[17] Denys de Fourna, *Manuel,* 74.

[18] Пепек погрешно го идентификува со Венијаведен Ное, макар што сосем јасно е испишано неговото име Венијамин. Види: Миљковиќ-Пепек, *Делото на зографите Михаило и Еутихиј,* 48

[19] Ibid. Можеби од невнимание Пепек погрешно го идентификува под називот Енох, макар што медаљонот со претставата на Енох се среќава погоре, а станува збор за Рувим, најстариот син на Јаков, чија сигнатура е одлично зачувана.

на северниот ѕид на олтарскиот простор веднаш над вратата која го спојува со ѓакониконот, со физиономија на старец со кратка бела коса и брада.

Низата медаљони од другата страна започнува со архангел Ангел во медаљон со црвен фон, а потоа следува медаљонот со претставата на пророкот Мојсеј (Ο ΠΡΟΦΗΤΗΣ ΜΩΥΣΗΣ к како пандан на Арон од другата страна. Претставен е како младич со кафеава коса и кратка кафеава брада. Мојсеј носи црвена затворена круна која на бордурите е украсена со бисери и скапоцени камења. Облечен е во бела наметка која на бордурите е украсена со бисери и скапоцени камења. Неговата алузија е јасна и го нагласува и антиципира Христовото првосвештенство. Теолозите го претставувале Мојсеј како архетип на идеален вледетел кој антиципирал многузначни симболични алузии на Христос.[20]

Следниот медаљон го претставува пророкот Самуил (Ο ΠΡΟΦΗΤΗΣ ΣΑΜΟΥΗΛ), со рафинирана физиономија и строг поглед. Тој е старец со долга седа коса и брада. Носи лорос кој е богато украсен со бисери и со апликации од скапоцени камења кои се во тон со украсот на бордурите на неговата затворена црвена круна, речиси идентична на онаа на Мојсеј. Носи бела свештеничка одежда, што се гледа на бистата, иденично како и Мојсеј, Арон, Ор и Мелхиседек.

Под него е медаљонот на пророкот Захариј Ο ΠΡΟΦΗΤΗΣ ΖΑΧΑΡΙΑΣ Секако, тука се работи за Захариј Првосвештеник, таткото на Јован Крстител. Во ѕидното сликарство од палеологовскиот период тој е многу популарен и често се сретнува во иконографскиот репертоар. Претставен е како пандан на праведниот Мелхиседех од другата страна на арката, со речиси идентична типологија на старец со долга седа коса и брада и, секако, карактеристичната бела првосвештеничка капа.

Захариј макар и да не припаѓал на Христовата генеологија во минејот за декември е вклучен како негов предок.

Следува медаљонот на праведниот Исус Навин, големиот воин и војсководител. Фонот на позадината е црвен. Неговата сигнатура е сосем зачувана. (Ο ΔΙΚ(αιος) ΙΣΟΥΣ ΤΟΥ ΝΑΒΗ со физиономија на млад човек без брада и кадрава коса која му паѓа зад ушите. Наметнат е со син химатион, а под него се гледа дел од кафеава облека која на работ е украсена со низа од бисери. Исус Навин заедно со Мојсеј, Арон и Ор е еден од лидерите на Евреите кон ветената земја и во себе антиципира елементи на царската власт. Под него следува претставата на праведниот Аврам, (Ο ΔΙΚ(αιος) ΑΒΡΑΑΜ старец со долга коса и брада, а по него медаљоните на неговите потомци, старозаветните

[20] Мојсеј истовремено во себе ги содржи прерогативите на цар и свештеник.

патријарси според редоследот на Евангелието по Матеј 1:2-3, Исак (Ο ΔΙΚ(αιος) ΙΣΑΑΚ, Јаков (Ο ΔΙΚ(αιος) ΙΑΚΩΒ, старци со слична типологија како и Аврам, потоа следи Јуда (Ο ΔΙΚ(αιος) ΙΟΥΔΑ (неговото име е прилично оштетено),[21] средовечен човек со кратка и кадрава бела брада и кафеава коса. Неговиот брат Исахар (Ο ΔΙΚ(αιος) ΙΣΑΧΑΡ е следниот, во медаљон со жолт фон.

Тој е проќелав старец со седа коса и брада со сивкасто-сина наметка а под него е претставен праведниот Завул (Ο ΔΙΚ(αιος) ΖΑΒΟΥΛ како млад човек со кратка кафеава коса и кафеава брада, а се гледа и дел од неговата кафеава наметка. Под него е претставата на Нафталим (Ο ΔΙΚ(αιος) ΝΕΦΘΑΛΕΙΜ како старец со густа бела коса и кратка брада. Следува портретот во црвен медаљон на праведниот Гад (Ο ΔΙΚ(αιος) ΓΑΔ старец со бела коса и брада, кој всушност е и последниот претставен на триумфалната арка. Последниот портрет на праведниот Гедеон (Ο ΔΙΚ(αιος) ΓΕΔΕΩΝ во медаљон со жолта позадина, со физиономија на средовечен човек со кафеава коса осенчена со бели прамени и кратка брада, со кој е завршена оваа иконографска целина, заради неможноста да се добие континуиран след е претставена на јужниот ѕид во олтарскиот простор лево, веднаш над полукружниот отвор што води кон ѓаконикон.


Во детерминирањето на иконографската програма во Перивлепта, изборот на персонажи, како и композиционата структурираност која смисловно кореспондира со неколку композиции претставени во нејзина близина (Причестувањето на апостолите, Тајната вечера и претставата на Богородица Оранта), теолошките советници истакнале една суптилна и многузначна алузија, со која сакале да го поврзат Христовото првосвештенство со Неговото оплотување, евхаристиската жртва и воспоставувањето на земната црква (Ecclesia).[22]

---

[21] Пепек не го идентификувал овој праведник. Види: Миљковиќ-Пепек, *Делото на зографите Михаило и Еутихиј,* 48. Забележал дека неговото име започнува со З. Сигнатурата навистина е мошне оштетена, но се забележува карактеристичниот начин на испишување на дифтонгот ѕ кој на Пепек веројатно му заличил на З (всушност над дифтонгот има акцент, а над него се гледа Ι и Δ која добро се гледа под него, а и според Евангелието по Матеј неговото име е следно, така што воопшто нема дилема дека се работи за Јуда, кој е следен од своите браќа Исахар и Завул.

[22] Војводиќ, *О ликовима старозаветних првосвештеника у византијском зидном сликарству,* 134,136 ; Миљковиќ-Пепек, *Делото на зографите Михаило и Еутихиј,* 69; Б. Тодиќ, *Грачаница, Сликарство* (Београд-Приштина, 1988), 150–152.


* На колегата, дипл. историчар на уметност Дарко Николовски, срдечно му се заблагодарувам за отстапените фотографии од Св. Богородица Перивлепта од неговата лична колекција




1) Медаљони со ликовите на праведните Мелхиседек и Финеес,
Medallion portraits of the righteous Melchizedek and Phineas



2) Медаљони со ликовите на пророците Мојсеј и Самуил,
Medallion portraits of the prophets Moses And Samuel



3) Медаљони со ликовите на праведните Исус Навин и Аврам,
Medallion portraits of the righteous Jesus Navin and Abraham



4) Медаљони со ликовите на пророците Арон и Ор,
Medallion portraits of the prophets Aaron and Hur

Ivan K. Zarov

THE MEDALLION PORTRAITS OF OLD TESTAMENT HIGH PRIESTS IN THE VIRGIN PERIBLEPTOS CHURCH IN OHRID

Summary

This study is focused on the iconography of the high priests in the Virgin Peribleptos Church. The portraits of the high priests, referred as prophets and righteous in the Greek inscriptions beside them, are depicted in medallions in the triumphal arch of the sanctuary.

The main aim of this study is to clarify and decipher some of the portraits, as well as to emphasize their specific theological message they had conveyed within the context of the entire iconographic program in the conch of the apse.

This study excludes the analysis of other monuments that are chronologically close to the Virgin Peribleptos in Ohrid.

The painters and their theological advisors emphasized the role of the High priests as Christ ancestors who render Christ Emmanuel, flanked by the medallion portraits of two angels as a new and eternal High Priest. In Virgin Peribleptos in Ohrid, exactly twenty-nine medallion portraits are depicted, encompassing Christ's direct ancestors: Enoch, Noah, Abraham, Isaac and Jacob, then the so called "Forefathers out of His genealogy" (Melchizedek, Moses, Aaron, Hur, Samuel), twelve patriarchs of the Israelites tribes, great Judean military commander Jesus (Joshua) Navin, Phineas, Gedeon, Zachariah, father of St. John the Baptist

Christ's medallion in the top of the arch, symbolically corresponds with several compositions depicted in its vicinity such as the Communion of the Apostles, the Last Supper, and the representation of the Virgin Orans, referring to His archpriesthood, Incarnation, Eucharistic sacrifice and the foundation of the terrestrial church.